РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

# И натаму – принудно чмаење

Пречките во извршувањето на основните дејности на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата како што пишувавме во ЛИК не се отстранети, туку напротив, поради немање средства, во Заводот се прават сè поголеми штети.

Имено, поради неплатените сметки за електрична енергија и ПТТ услуги, шест дена клучните оддели на Заводот не функционираа: од 2 до 7 јуни клима-уредите не ја одржуваа температурата и влажноста за 120-те икони донесени на конзервација во Заводот; телефонските и телефакс-линиите беа исклучени, дактило-бирото и лабораториите беа замрени, а просториите во темница.

**● Шест дена Заводот беше без електрична енергија и ПТТ врски, а во конзерваторскиот оддел во тоа време се наоѓале 120 икони на конзервација**

Од Министерството за култура на сметката на Заводот итно беа префрлени 150.000 денари за овие материјални трошоци, кои само ја ублажија состојбата. Засега во Заводот имаат светлост, ама немаат потрошен материјал: хартија за пишување, бензин, тонер и слично. Инаку, сите резерви материјал за работа се исцрпени.

Потоа, старите долгови на Заводот од 1994 година, за акции што Министерството за култура прифатило да ги финансира, а што изнесуваат 3.862.000 денари (на име главен долг), си остануваат и понатаму. За овој износ, да потсетиме, Заводот е должен кај трети лица по основа на склучени договори за извршена работа, а бидејќи долгот е стар повеќе од една година, побарувачите имаат покренато постапка за негова наплата по судски пат. Долгот на Заводот постојано се зголемува и сега изнесува некаде околу 5 милиони денари.

Натаму, за 1995 година, освен средства за личен доход, хранарина и превоз на работниците, Министерството за култура има дозначено само 100.000 денари за материјални трошоци – за јануари. За останатите четири месеци од годината – споменатите 150.000. А оние средства за јануари, изнесувале само 40 отсто од месечните реални материјални трошоци во Заводот.

Што е најстрашно, Заводот веќе шести месец нема дознака за функционални или наменски средства, ниту пак навестување од надлежното министерство дека во блиска иднина ќе биде даден налог за започнување на реализацијата на утврдените програмски акции за годинава (што е до половина помината).

С. Ѓ.